АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр 05-1138/14
04-09-2012 год.
СКОПЈЕ

ISO 9001:2000 SGS

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија“ бр.136/07 ,130/08 ,97/10 и 53/11) пречистен текст Сл.весник бр.24/12, член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-1138/4 од 23.08.2012 година, Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка бр.05-1138/5 од 23.08.2012 година и Извештај за текот на е-Аукцијата бр.03-1138/13 од 03.09.2012 година од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. 02-2012 за јавна набавка од отворена постапка со користење на електронска аукција Директорот на Друштвото донесе

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда
## за Набавка на услуги во фиксна телефонија и мобилна телефонија

На основ на Записник од отварање на понуди бр.05-1138/4 од 23.08.2012 година, Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка бр.05-1138/5 од 23.08.2012 година и Извештај за текот на е-Аукцијата бр.03-1138/13 од 03.09.2012 година по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. 02/2012 од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје по Одлука за јавна набавка бр.05-1138/2 од 13.06.2012 година,Одлука за избор на понудувачи кои ќе учествуваат на електронска аукција бр.05-1138/7 од 27.08.2012 година, за јавна набавка со отворена постапка со користење на електронска аукција за **Набавка на услуги во фиксна телефонија и мобилна телефонија** договорот за јавна набавка се доделува на:

**„ОНЕ“ ДОО, Бул.„К.Ј.Питу“ бр.15 Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 2 (две) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести понудувачот чија понуда е избрана за најповолна, како и кандидатите чија понуда не е избрана за најповолна, за причините за донесување на одлуката и тоа секој:

-понудувачот кој поднел прифатлива понуда која не е избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално пркршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Сектор за правни и општи работи
- Сектор за финансии,
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива